# Процедура за електронско гласање за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание при Машински Факултет Скопје 2022/2023

Изборите за претседател и членови на ФСС МФС ќе се одвиваат по електронски пат. Машински факултет, какои ФСС МФС се залагаат за спроведување на легитимен и веродостоен избирачки процес. Во овој документ детално ќе биде опишан и објаснет избирачкиот процес:

1. Секој студент ќе добие електронска пошта (email), во која ќе биде прикачен линк за пристап до гласањето. Линкот којшто ќе го добие секој студент е уникатен и преку него може да се пристапи само еднаш. Со тоа се избегнуваат компликациите и можните изборни нерегуларности, како искористување туѓо право на глас и слично. На сликата е претставен пример како ќе изгледа електронската пошта.



e-admin <e-admins@ukimmfs.onmicrosoft.com>
To:

Почитуван(а)

поканети сте да учествувате на гласање за ФСС при МФС.

Гласањето е насловено како:
"ФСС МФС Избори "

Ако сакате да учествувате, стиснете на долунаведената врска.

Искрени поздрави,

e-admin (e-admins@ukimmfs.onmicrosoft.com)

----------------------------------------------
Линкот за гласањето ќе го најдете тука:
https://anketi.mfs.ukim.edu.mk/index.php/165159?token=u8jwoAoatSnsezl7aBggwsN&lang=mk

2. Со кликнување на претходно наведениот линк, на екран ќе добиете приказ слично на екранот прикажан подолу. Во полето наведено како “Token” не треба да се пополнува ништо. Тоа поле веќе автоматски е пополнето. Во полето каде треба да ја решите едноставната равенка, треба да се напише нејзиното решение. Ова поле е поставено од безбедносни причини и спречување на изборни нерегуларности.




3. Следно нешто што ќе ви се појави на вашиот екран е кратко известување за анонимноста на гласањето. Со овој дел се овозможува гласањето да е во целост тајно и анонимно.



4. Првото гласачко ливче е наменето за избор на претседател. На избирачкото ливче ќе бидат наведени кандидатите. Може да се заокружи т.е. даде глас **само на еден кандидат**. Постои и можност да не гласате за претседател т.е. вашето ливче за претседател да е **неважечко**, така што нема да заокружите (обележите) ниту еден од понудените кандидати.




5. Второто гласачко ливче е наменето за избор на членови од прва година. На избирачкото ливче ќе бидат наведени утврдените кандидати. Може да се заокружи т.е. даде глас на **еден или повеќе кандидати**. Постои и можност да не гласате за член на прва година т.е. вашето ливче за член на прва година да е неважечко, така што нема да заокружите (обележите) ниту еден од понудените кандидати.



6. Третото гласачко ливче е наменето за избор на членови од втора година. На избирачкото ливче ќе бидат наведени утврдените кандидати. Може да се заокружи т.е. даде глас на **еден или повеќе кандидати**. Постои и можност да не гласате за член на втора година т.е. вашето ливче за член на втора година да е неважечко, така што нема да заокружите (обележите) ниту еден од понудените кандидати.




7. Четвртото гласачко ливче е наменето за избор на членови од трета година. На овогодинешното избирачко ливче ќе бидат наведени утврдените кандидати. Може да се заокружи т.е. даде глас на **еден или повеќе кандидати**. Постои и можност да не гласате за член на трета година т.е. вашето ливче за член на трета година да е неважечко, така што нема да заокружите (обележите) ниту еден од понудените кандидати.



8. Петтото гласачко ливче е наменето за избор на членови од четврта година. На овогодинешното избирачко ливче ќе бидат наведени утврдените кандидати. Може да се заокружи т.е. даде глас на **еден или повеќе кандидати**. Постои и можност да не гласате за член на четврта година т.е. вашето ливче за член на четврта година да е неважечко, така што нема да заокружите (обележите) ниту еден од понудените кандидати.




9. Шесто гласачко ливче е наменето за избор на членови од втор/трет циклус студии. На овогодинешното избирачко ливче ќе бидат наведени утврдените кандидати. Може да се заокружи т.е. даде глас за **еден или повеќе кандидати**. Постои и можност да не гласате за член од втор/трет циклус студии т.е. вашето ливче за член од втор/трет циклус студии да е неважечко, така што нема да го заокружите (обележите) понудениот кандидат.



10. По завршување на гласањето ќе ја добиете следната порака.

ФСС Тест Избори

Ви благодариме!

Вашите одговори на анкетата се заведени.

11. Уште една потврда дека вашето гласање е успешно, е потврда што ќе пристигне до вашата email адреса по гласањето.

**e-admin** <e-admins@ukimmfs.onmicrosoft.com>

To:

Почитуван(а)

со ова потврдуваме дека успешно учествувавте во гласањето насловено како ФСС Тест Избори и дека вашите одговори се зачувани. Ви благодариме што учествувавте.

Ако имате некакви прашања, обратете се кај e-admin на e-admins@ukimmfs.onmicrosoft.com.

Искрени поздрави,

e-admin

# ЧПП

- Дали можам да гласам за сите години ?

-Да, секако. На МФС секој студент има право да одлучува кои ќе бидат претставниците од сите години, од први циклус студии и од втор/трет циклус студии

- Доколку го отворам линкот за гласање и погрешка го исклучам, дали можам повторно да го искористам ?

-За жал не. Токму поради оваа причина треба да бидете внимателни при процесот на гласање.

- Дали можам да бидам сигурен дека моите лични податоци се заштитени ?

-Личните податоци при гласањето со сигурност се заштитени. Целиот систем на гласање е организиран, така што сечија приватност е заштитена. Секој глас е анонимен.

- На кој маил ќе пристигне линкот за гласањето ?

-Линкот за гласањето ќе пристигне на маил адресите на вашите iKnow account-ти. Тоа се мејлови кои ги наведувате при упис на студии, семестар, итн. Тоа **НЕ** се студентските маилови или познати како sMail, кои имаат налик на ime.prezime@students.mf.ukim.mk